Образложение кон постигнатите резултати на Макстил А.Д. Скопје за периодот јануари – јуни 2026 година

Во првите шест месеци од 2026 година, глобалната челична индустрија продолжи да работи во услови на намалена побарувачка, прекумерни производствени капацитети и зголемена конкуренција на меѓународните пазари. Континуираниот раст на производството во азиските економии, пред сè во Кина и Индија, како и високото ниво на извоз на челик по конкурентни цени, дополнително влијаеја врз пазарната рамнотежа, создавајќи дополнителен притисок врз продажните цени и профитабилноста на производителите, особено во Европа.

Истовремено, европската челична индустрија работеше во услови на зголемени пазарни притисоци предизвикани од прекумерна понуда и зголемен увоз на челични производи на европскиот пазар. Во насока на заштита на конкурентноста и одржливоста на секторот, Европската Унија (ЕУ) од 1 јули 2026 година воведе нов систем на квоти за увоз на челични производи, со кој се ограничува увозот над утврдените квоти и едновремено се намалува ризикот од понатамошно нарушување на пазарните услови. Иако мерките на ЕУ се насочени кон создавање поповолни услови за работа и зачувување на конкурентноста на европската челична индустрија, нивната примена ќе влијае врз движењата на пазарот, создавајќи дополнителни предизвици во претстојниот период.

Во вакви пазарни услови, Макстил продолжува внимателно да ги следи движењата на пазарот и да го приспособува своето работење на променливите услови на побарувачка, задржувајќи ја својата позиција како значаен регионален производител на топловалани дебели лимови и сигурен партнер на своите купувачи.

Макстил АД – Скопје за периодот јануари – јуни 2026 година оствари позитивни финансиски резултати искажани во неревидираните поединечни финансиски извештаи.

Остварено производство и реализација

Остварениот производство на челичанските слабови во првото полугодие на 2026 изнесува 161.688т. што споредено со 137.415т. во 2025 претставува зголемување од 17%, додека во однос на планираното производство за првите шест месеци (167.400т.) претставува намалување од 4%. Остварениот производство на дебели лимови во производниот погон Валавница во извештајниот период изнесува 148.753т. што споредено со 149.914т. во истиот период на 2025 претставува намалување од 1%, додека во однос на поставениот производен план за првото полугодие од годинава (164.646т.) претставува намалување од 10%.

Табела бр.1 Производство на слабови и лимови (количина во тони)

производство во тони	2026	2025
производство на слабови	161.688	137.415
производство на лимови	148.753	149.914

Реализацијата на топловаланите дебели лимови во количински показатели за првите шест месеци од годинава изнесува 139.915т., што споредено со 155.699т. првите шест месеци од минатата година претставува намалување од 11%.

Табела бр.2 Реализација на лимови (количина во тони)

реализација на лимови во тони	2026	2025
директна продажба	44.158	56.375
договор за преработка	95.757	99.324
Вкупна реализација	**139.915**	**155.699**

Вкупни приходи

Во овој период се остварени приходи од работење во износ од 4,15 милијарди денари, од кои приходите од продажби како носечка ставка во структурата на вкупните приходи учествуваат со 98%. Споредено со истиот период од 2025 остварените приходи од работењето (4,64 милијарди) се пониски за 11%. Намалените приходи се должат воглавно на намалената реализација во однос на претходната година за повеќе од 15.000т. лимови и намалените приходи од директна продажба во однос на приходите од преработка.

Табела бр.3 Остварени приходи од продажба

(Во 000 Ден.)

остварени приходи од директна продажба и приходи од преработка	2026	2025
приходи од директна продажба	2.155.064	2.798.090
приходи од преработка	1.931.796	1.508.118
Вкупни приходи	**4.086.860**	**4.306.209**

Вкупни расходи

Во првите шест месеци од работењето остварените расходи изнесуваа 3,63 милијарди денари. Споредено со истиот период во 2025 година остварените расходи од работењето (4,02 милијарди денари) се пониски за 10%.

Добивка пред оданочување и нето добивка

Табела бр.4 Остварена добивка

(Во 000 Ден.)

Добивка	2026	2025	Индекс
	Износ	Износ	25/24
Нето добивка	215.063	344.193	62
Добивка пред оданочување	241.421	384.061	62

Добивката пред оданочување во извештајниот период е 241 милиони денари, и бележи намалување во споредба со остварената во првото полугодие од 2025, додека нето добивката изнесува 215 милиони денари, и е намалена во однос на остварената за истиот период во минатата година. Намалувањето на добивката се должи пред сè на тоа што во истиот период во 2025 година беше оприходуван данокот на солидарност што беше признаен како трошок во 2023 година.

Исплатени дивиденди

Во овој период компанијата нема извршена исплата на дивиденди. Со одлука донесена на Собрание на акционери Макстил изврши покривање на пренесените загуби од претходни години и пресрапредели дел од добивката како задолжителна законска резерва.

Сметководствени политики и методи на вреднување

Сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на Макстил АД, во првата половина од 2026 година не се променети.

Инвестиции

Во првата половина од 2026 година, реализирани се инвестициони активности во вкупен износ од 68 милиони денари, со цел одржување на техничката подготвеност на инсталираната опрема, подобрување на условите за безбедно работење и континуирана модернизација на производствените капацитети.

Кредитна задолженост

Обврските по кредити изнесуваат 3.109 милиони денари и незначително се зголемени во однос на декември 2025 година како резултат на нето-ефектот од нови повлекувања и отплатени доспеани рати од кредитните линии.

Очекувања за претстојниот период

Во втората половина од 2026 година, работењето ќе биде под значително влијание на новиот ревидиран систем на мерки за тарифни квоти за увоз на челични производи во ЕУ, кој стапи во сила на 1 јули 2026 година. Преминот од досегашниот систем на групни квоти кон индивидуални квоти за РС Македонија претставува значаен предизвик за планирањето на производството и пласманот, имајќи предвид дека пазарот на ЕУ традиционално учествува со околу 60-65% од вкупните испораки.

Новите ограничувања наметнуваат внимателно управување со испораките кон ЕУ, бидејќи количините што ќе ги надминат утврдените квоти ќе подлежат на царина од 50% на количините над квотата, што директно ќе влијае врз конкурентноста на производите на европскиот пазар. Во такви услови, Макстил ќе биде насочен кон оптимизација на производниот и продажниот микс, како и кон диверзификација на извозните пазари.

Во претстојниот период, клучни сегменти за пласман на производите ќе бидат проектите поврзани со морската бродоградба и инфраструктурните инвестиции во Турција, речната бродоградба и проектите поврзани со подготовките за „ЕКСПО 2027“ во Белград, Србија. Истовремено, компанијата ќе продолжи да ги следи можностите за зголемување на продажбата на други пазари, вклучувајќи ги Велика Британија и евентуално во САД.

Фокусот ќе биде ставен и на производи со повисока додадена вредност, особено бродски лимови со дополнителен степен на обработка, како што се пескарење и боење, со цел одржување на ценовната стабилност и подобрување на профитабилноста. Паралелно, ќе се анализираат можностите за пласман на производи кои не подлежат на квотните ограничувања, согласно пазарните услови и деловната политика на компанијата.

Имајќи ги предвид наведените околности, се очекува дека преку навремено приспособување на производството и испораките кон новите пазарни услови, флексибилно управување со продажните активности и понатамошна диверзификација на пазарите, Макстил ќе успее да ја задржи својата конкурентност и успешно ќе одговори на предизвиците што произлегуваат од новиот режим на тарифни квоти на ЕУ, во очекување на евентуална ревизија и корекција на мерките по првите шест месеци од нивното спроведување.

Општествена одговорност

Во текот на првата половина од годинава, Макстил продолжи со реализација на активностите и проектите во областа на општествената одговорност, останувајќи посветен на поддршката на локалната заедница, заштитата на животната средина и одржливиот развој. Преку различни иницијативи, компанијата даде придонес

кон унапредување на квалитетот на живот во заедницата и промовирање на одговорни деловни практики.

Во рамки на своите ESG определби, компанијата продолжи да инвестира во активности насочени кон подобрување на енергетската ефикасност, рационално користење на ресурсите и намалување на влијанијата врз животната средина, во согласност со принципите на одржливото индустриско производство и долгорочните цели за декарбонизација на челичната индустрија.

Истовремено, Макстил остана фокусиран на своите вработени како еден од клучните фактори за успешното работење. Во услови на предизвици на пазарот на труд, компанијата продолжи да обезбедува приватно здравствено осигурување, реализираше зголемување на платите и изврши исплата на регрес за годишен одмор. Дополнително, беа вложени средства во привлекување, развој и задржување на квалификуван кадар, со цел обезбедување стабилна и мотивирана работна сила и поддршка на идниот развој на компанијата.

Скопје, 31.07.2026 година